РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
19-371/12
02.03 8
КРИВА ПАЛАНКА

Друштво запроектирање и одржување на објект, производство,трговија и услуги
РЕСУРС ЛТДИ извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 33/18
08.03. 20 18 год.
КАВАДАРЦИ

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ –БПП - БО Дел.бр. 19 – 371/2018

Ревизија на инфраструктурни и основни проекти за хидротехнички објекти

## I . ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А. Општина Крива Паланка ул. „ Св. Јоаким Осоговски “ бр.175 1330 Крива Паланка Република Македонија**, застапувана од **Градоначалникот Борјанчо Мицевски** (во понатамошниот текст договорен орган , односно **Нарачател**) од една страна,

и

**Б. ДПОПТ Ресурс ЛТДИ увоз извоз ДООЕЛ ул.Ило Костов бр 31 1430 Кавадарци** застапуван од **Даниел Лалков** (во понатамошниот текст економскиот оператор, односно **Давател на услуги** ) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор економскиот оператор – Давателот на услугите се обврзува за потребите на договорниот орган Општина Крива Паланка да изврши : Ревизија на инфраструктурни и основни проекти за хидротехнички објекти а Нарачателот се обврзува за тоа да му исплати определена цена.

**Член 2**

Работите од член 1 на овој договор треба да се изведат во целост според потребите на Нарачателот , за што двете страни ќе преземат соодветни активности за утврдување на предметот и други потребни активноси за целосно исполнување на предметот на договорот.

**Член 3**

Со овој договор Нарачателот и Давателот на услугите ги регулираат своите права и обврски.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Цена**

**Член 4**

Давателот на услугите , услугите наведени во член 1 од овој договор, ќе ги изработи за следната цена :

| Р.б. | Опис на услугата | Единечна мера | Количина | Единечна цена без ДДВ | Единечна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ревизија на основен проект за изградба или реконструкција на канализациони системи | М | 1 | 6,786 | 8,00748 |
| 2 | Ревизија на основен проект за Изградба или реконструкција на водоводни системи | М | 1 | 6,786 | 8,00748 |
| 3 | Ревизија на инфраструктурен проект за водоводни или канализациони мрежи | М | 1 | 6,786 | 8,00748 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Ревизија на основен проект за изградба на атмосферска канализација на постоечки улици | М | 1 | 6,786 | 8,00748 |
| 5. | Ревизија на основен проект за регулација на водотеци (реки,долови ,буици и сл) | М | 1 | 6,786 | 8,00748 |

**Вкупната цена на услугите наведени во член 1 без ДДВ не смее да помине над 300.000,00 денари односно 354.000,00 денари со ДДВ.**

**IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Овој договор е склучен со времетраење од 1 (една ) години , односно дванаесет месеци – сметајќи од денот на склучувањето на договорот или до искористување на сумата.

**V. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ**

**Член 6**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача на следниов начин СУКЦЕСИВНО ВО РОК ОД 3 ДЕНА по барање на договорниот орган. од денот на поднесеното барање од раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура .

Воведувањето во работа ќе го изврши овластено лице на Нарачателот ,Раководителот на Одделението на одржување и изградба на комуналана инф..

**VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 7**

Плаќањето ќе се врши по доставена фактура за извршена услуга, во рок од 60 (триесет) дена по доставување на фактура во архивата на договорниот орган и потпишување на Раководителот на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

**VII. ОБВРСКИ НА ИЗВЕДУВАЧОТ**

**Член 8**

Доколку Давателот на услугата не ја исполни оваа обврска во предвидениот рок од член 6 , ќе треба на да му плати договорна казна во висина од вредноста на услугата.

**VIII. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ**

**Член 9**

Нарачателот е должен да му ги обезбеди и достави потребните подлоги за изработка на Давателот на услугите кои се предмет на овој договор.

**Член 10**

Нарачателот е должен да му ја плати цената од член 4 на овој договор , а на начин наведен во член 7 од овој договор.

**IX. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ**

**Член 11**

Веднаш по завршување на работите Давателот на услугите го известува Нарачателот дека услугите што се предмет на договорот се извршени и ќе му го испорача предметот на договорот на Нарачателот согласно член 6 од овој договор.

**X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 12**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

**Член 13**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку тоа не даде резултат, за сите евентуални спорови ќе решава надлежниот суд.

## XI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 15**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 16**

Овој Договор е склучен во 6(шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Нарачателот и 2 (два) за Давателот на услугите .

**Нарачател**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

**Давател на услугите**

**ДПОПТ Ресурс ЛТДИ увоз извоз ДООЕЛ**

**Одговорно лице**
**Даниел Лалков**